"ЗАБАВАТА Е НА НАШ ГРБ", НОВ СЛОГАН НА "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"

# Билетите во продажба од 3 февруари

"Забавата е на наш грб" е вториот слоган на популарната манифестација "Златна бубамара на популарноста", која ќе се одржи на 19 февруари, во Универзалната сала во Скопје.

Првиот слоган што веќе го откри штабот на скопското радио "Бубамара" е "Смеете да се смеете". Билетите ќе бидат во продажба од 3 февруари, на билетарницата на Универзална сала и ќе чинат од 1.000 денари, па нагоре.

"За 18. ´Златна бубамара´, која слави полнолетство, билетите ќе чинат од 1.000 денари, плус 18 проценти ДДВ. 18 проценти за 18 години", велат од "Бубамара" во свој стил.




*Внуката на Ѓоко Георгиев, Ивана, на "Златна бубамара" во 2011 година, му ја додели на Кемал Монтено наградата за животно дело и запеа со него*

Водител на славеничкото издание повторно ќе биде Сашко Коцев. Сценариото, како и ѕвездите што ќе настапат и ќе бидат наградени, традиционално се држи во тајност.

Од радио "Бубамара" додаваат оти манифестацијата која е најбарана од Вардар до Триглав, во следниве неколку недели ќе ги емитува репризите од претходните изданија, на телевизија "Канал 5". Наскоро ќе се знае кој годинава ја добива наградата за животно дело. Во 2012 година, тоа беше неодамна починатиот сараевски кантавтор Кемал Монтено, кој на фестивалот "Макфест" во 1987 година го испеа евергринот "Кој да ти каже, Ивана". Текстот на песната го напиша легендарниот радиоводител, музички новинар и текстописец Ѓоко Георгиев, а е посветена на неговата внука Ивана. Внуката на Георгиев, Ивана, на "Златна бубамара" во 2011 година, му ја додели на Кемал Монтено наградата за животно дело. **(М.Ц.)**


